ПРЕДЛАГАЧ:
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ПРЕТСТАВНИЦИ:

ПОВЕРЕНИЦИ:

# ПРЕДЛОГ НА
# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СМЕТКОВОДСТВОТО ЗА НЕПРОФИТНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

Скопје, Ноември 2010

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Број _____
_______ 2010 година
Скопје

ДО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 91 алинеја 2 од Уставот на Република Македонија и членовите 132 и 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија Ви поднесува Предлог Закон за изменување и дополнување на Законот за сметководството за непрофитните организации што го утврди на седницата одржана на _______2010 година.

За претставници на Владата на Република Македонија во собранието се определени министерот за финансии ___________ и заменик министерот за финансии ___________, а за повереници _________________________ од Министерството за финансии.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Никола Груевски

## ВОВЕД:

### I.ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА НА ВОДЕЊЕТО НА СМЕТКОВОДСТВОТО ЗА НЕПРОФИТНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ И ПРИЧИНИ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Поради порастот на куповната цена и останатите трошоци поврзани со набавката се јави потреба да се измени односно да се зголеми износот на постојната поединечна набавна вредност која е критериум за утврдување дали долгорочните средства ќе имаат третман на ситен инвентар и ќе се отпишат еднократно како расход.

Исто така, постојните казнени одредби од Законот не се усогласени со одредбите од Законот за прекршоците односно не е утврдена висина и распон на глобите, не даваат можност за поведување на постапка за порамнување и со постојните одредби не е утврден органот кој ќе води прекршочната постапка.

### II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Изменувањето и дополнувањето на Законот за сметководството за непрофитните организации е со цел реално да се искаже вредноста на долгорочните средства која е основ за нивно класифицирање како ситен инвентар кој се отпишува еднократно, без истите да се отпишуваат во текот на нивниот корисен век.

Постојните казнени одредби утврдени за случаите кога сметководството не се води на начин пропишан се усогласуваат со Законот за прекршоци со цел утврдување на висината и распонот на глобата која за сторен прекршок ќе се изрече на непрофитната организација односно на одговорното лице на непрофитната организација, воведување на постапка за порамнување заради постигнување на согласност на сторителот на прекршокот и надлежниот орган за отстранување на штетните последици на сторениот прекршок и избегнување на водење прекршочна постапка пред надлежниот суд и утврдување на надлежниот суд како орган кој ја води прекршочната постапка.

Законот чие изменување и дополнување се предлага се заснова врз начелото висок степен на одговорност во врска со правилно водење на сметководството.

Основните решенија што се предлагаат се:

- реално искажување на вредноста која долгорочните средства треба да ја имаат во моментот на нивната набавка за да се класифицираат како ситен инвентар кој се отпишува еднократно и

- усогласувањето со Законот за прекршоци во поглед на висина и распон на глобите, водењето на постапка за порамнување и одредување на надлежниот суд како орган кој ја води прекршочната постапка и

### III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

За спроведување на Законот што се предлага, не се потребни финансиски средства од Буџетот на Република Македонија.

## IV.ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Спроведувањето на предложените изменувања и дополнувања на Законот не повлекува обезбедување на финансиски средства ниту иницијално повлекува материјални обврски за одделни субјекти.

Материјални обврски за непрофитните организации ќе постојат во услови кога ќе биде изречена глоба за сторен прекршок.

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СМЕТКОВОДСТВОТО ЗА НЕПРОФИТНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

**Член 1**

Во Законот за сметководството за непрофитните организации ("Службен весник на Република Македонија" бр. 24/03), во член 6 во ставот (2) по зборовите: "капиталниот имот " се додаваат зборовите: "- постојани средства".

**Член 2**

Во членот 14 во ставот (8) зборовите "100 евра" се заменуваат со зборовите: "300 евра".

**Член 3**

Во насловот на глава VII зборот „КАЗНЕНИ" се заменува со зборот: „ПРЕКРШОЧНИ".

**Член 4**

Членот 20 се менува и гласи:

(1)Глоба во износ од 2000 до 3000 евра во денарска противвредност ќе и се изрече за прекршок на непрофитната организација, ако:

1)не води сметководство на начин пропишан со овој закон или со пропис донесен врз основа на него (член 3);

2)внесувањето на податоците во деловните книги го врши врз основа на неуредна и неверодостојна документација (член 10 став 1);

3)не врши проценување на билансните позиции на начин и по постапка пропишани со овој закон или со пропис донесен врз основа на него (член 14 став 2);

4)не ја врши ревалоризацијата според одредбите од овој закон (член 15);

5)не врши усогласување на состојбата на средствата и нивните извори искажани во сметководството со фактичката состојба што се утврдува со попис на 31 декември (член 16);

6)не ги состави основните финансиските извештаи (член 17 став 1) и

7)не ја достави годишната сметка до Управата за јавни приходи и до Регистарот на годишните сметки при Централниот регистар во законски определениот рок (член 19).

(2) Глоба во износ од 500 до 800 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок од ставот 1 на овој член на одговорното лице на непрофитната организација."

**Член 5**

По членот 20 се додава нов член 20-а кој гласи:

"Член 20-а

(1) За прекршоците утврдени во членот 20 од овој закон прекршочна постапка води надлежен суд.

(2) Пред поднесување на барање за поведување на прекршочна постапка за прекршоците предвидени со овој закон, ќе се поведе постапка за порамнување согласно Законот за прекршоците."

**Член 6**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

### I.ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ

Со донесување на измените и дополнувањата на Законот за сметководството за непрофитните организации ("Службен весник на Република Македонија" број 24/03) ќе се обезбеди реално искажување на поединечната набавна вредност на долгорочните средства согласно која овие средства независно од корисниот век на употреба се класифицираат како расход и се отпишуваат еднократно. Исто така, се врши усогласување со Законот за прекршоци во поглед на висина и распонот на глобите, водењето на постапка за порамнување пред поднесување на барањето за поведување на прекршочна постапка и утврдување на органот кој ќе ја води прекршочната постапка. Предлог на Законот е во согласност и со дел од усвоените мерки за унапредување на казнената политика.

Со членот 1 се вршат дополнувања во членот 6 став (2) во насока на допрецизирање што се подразбира под капитален имот.

Со членот 2 поради порастот на куповната цена и останатите трошоци за набавка на долгорочните средства и заради усогласување на висината на поединечниот трошок на набавка на долгорочните средства согласно која нивната вредност се отпишува во текот на корисниот век на употреба односно се отпишува еднократно, во членот 14 став 8 поединечната набавна вредност на долгорочните средства од 100 евра се заменува со 300 евра во денарска противвредност. Со оглед на ова, долгорочните средства ќе биде потребно да имаат поединечен трошок на набавка во износ не понизок од 300 евра во денарска противвредност за да се класифицираат како ситен инвентар кој се отпишува еднократно.

Во членовите 3, 4 и 5 заради зголемување на ефикасноста на законските одредби се врши усогласување со Законот за прекршоци во поглед на висина на глобата и со дел мерките за унапредување на казнената политика.

Со членот 3 зборот "казнени " се заменува со зборот "прекршочни ".

Со членот 4 се менува членот 20 и за непрофитната организација се утврдува глоба во висина од 2000 до 3000 евра во денарска противвредност која на истата ќе и се изрече кога сметководството нема да го води на начин пропишан согласно Законот или со пропис донесен врз основа на него; внесувањето на податоците во деловните книги се врши врз основа на неуредна и неверодостојна документација; проценувањето на билансните позиции не е извршено на начин и по постапка пропишани со Законот или со пропис донесен врз основа на него; ревалоризацијата не е извршена според законските одредби; нема извршено усогласување на состојбата на средствата и нивните извори искажани во сметководството со фактичката состојба што се утврдува со попис на 31 декември и кога нема составено основни финансиските извештаи а годишната сметка ја нема доставено до надлежните институции во законски определениот рок. За истите прекршоци со глоба во износ од 500 до 800 евра во денарска противвредност ќе се казни и одговорното лице на непрофитната организација.

Со членот 5 се врши дополнување на постојниот Закон со нов член 20-а. Членот 20-а ја утврдува можноста за поведување на постапката за порамнување пред

поднесување на барањето за покренување на прекршочна постапка и го одредува надлежниот суд како орган кој ќе ја води прекршочната постапка.

## II.МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Предложените одредби се меѓусебно поврзани и постои нивна поврзаност со одредбите од Законот и како такви прават правна целина и се применливи.

## III.ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Наместо досегашната вредност од 100 евра во денарска противвредност долгорочните средства во моментот на набавка ќе биде потребно да имаат вредност пониска 300 евра во денарска противвредност за да истите се класифицираат како ситен инвентар кој се отпишува еднократно независно од корисниот век на употреба.

Со Предлогот на Законот се врши усогласување на Законот за прекршоците и паричната казна од 60.000 до 300.000 денари се заменува со глоба во износ од 2000 до 3000 евра во денарска противвредност со што е извршено зголемување односно намалување на износот под кој односно над кој не може да и се изрече глобата на непрофитната организација.

Со воведувањето на можноста за поведување на постапка за порамнување пред поднесување на барањето за поведување на прекршочната постапка се овозможува висината на глобата која прекршителот треба да ја плати да се намали за 50%. Исто така, со воведувањето на постапка на порамнување прекршителот добива можност да не се води прекршочна постапка против него пред надлежен суд со што се избегнуваат трошоците поврзани со водењето на прекршочната постапка.

## ИЗВОД НА ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ЗА СМЕТКОВОДСТВО ЗА НЕПРОФИТНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ КОИ СЕ МЕНУВААТ И ДОПОЛНУВААТ

### Член 6

(1) Деловните книги на непрофитните организации се: дневник, главна книга и помошни книги (аналитичка евиденција).

(2) Задолжителни помошни книги од ставот (1) на овој член се: книга за благајната, книга за набавки, книга (попис) на капиталниот имот, книга на влезни сметки и книга на излезни сметки.

(3) Освен деловните книги од ставовите (1) и (2) на овој член, непрофитните организации можат да водат и други помошни книги (аналитичка евиденција).

(4) Деловните книги од ставот (1) на овој член имаат карактер на јавни документи.

### Член 14

(1) Под проценување на билансните позиции, во смисла на овој закон се подразбира утврдување на вредноста на одделни билансни позиции.

(2) Непрофитните организации се должни проценувањето на билансните позиции содржани во главната книга да го спроведат според сметководственото начело на модифицирано настанување на деловните промени, односно трансакции.

(3) Долгорочните и краткорочните средства се искажуваат по набавна вредност. Набавната вредност на долгорочните и краткорочните средства ја сочинува куповната цена зголемена за увозни царини, данок на додадена вредност, издатоците за превоз и сите други издатоци кои директно можат да се додадат на набавната вредност, односно на трошоците за набавка.

(4) Паричните средства во благајната и на сметките во домашна валута се внесуваат во главната книга во номинален износ, а во странска валута по курсот на Народната банка на Република Македонија на денот на билансирањето.

(5) Билансните позиции на побарувањата и обврските се признаваат според договорените износи во договорот.

(6) Отписот на вредноста на долгорочните средства се спроведува со праволиниска метода на отпис со примена на годишни стапки пропишани од страна на министерот за финансии.

(7) Основица за отпис на долгорочните средства е набавната, односно ревалоризираната вредност на долгорочните средства.

(8) Долгорочните средства чија поединечна вредност во моментот на набавката е пониска од 100 евра во денарска противвредност се класифицира како ситен инвентар којшто се отпишува еднократно независно од корисниот век на употреба.

## VII. КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

**Член 20**

Со парична казна од 60.000 до 300.000 денари ќе се казнат за прекршок непрофитните организации, ако:

1) не водат сметководство на начин пропишан со овој закон или со пропис донесен врз основа на него (членови 2 и 3);

2) не водат деловни книги на начин пропишан со овој закон или со пропис донесен врз основа на него (членови од 4 до 10);

3) внесувањето на податоците во деловните книги го вршат врз основа на неуредена и неверодостојна документација (член 10 став 1);

4) не го определат лицето кое е одговорно за законитоста и исправноста на сметководствениот документ (член 10 став 5);

5) не ги чуваат на соодветен и правилен начин деловните книги, сметководствените документи, исправи и финансиски извештаи до рокот пропишан со овој закон или ако за нивното чување не определат одговорно лице (членови 8, 11, 17 став 6);

6) не вршат оценување на билансните позиции на начин и по постапка пропишани со овој закон или со пропис донесен врз основа на него (член 14);

7) не ја врши ревалоризацијата според одредбите од овој закон (член 15);

8) не вршат попис според одредбите од овој закон (член 16) и

9) не ги составуваат и не ги доставуваат финансиските извештаи и годишните сметки (членови 17 и 19).

За дејствијата од ставот (1) на овој член ќе се казни за прекршок и одговорното лице на непрофитната организација со парична казна од 30.000 до 50.000 денари.